РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3463/5
23-12-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по доставена анонимна пријава, на 57-та седница одржана на ден 17.12.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-5607/1 од 12.12. 2019 година, оформен по доставена анонимна пријава, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ___________, член на Советот на општина _________, СЕ ЗАПИРА.

По доставено укажување на ДКСК, од страна на лицето _____________, член на Советот на општина _____________ се поднесени анкетен лист и изјава за интереси до ДКСК.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот заведен под број 08-5607/1 од 12.12.2019 година е оформен по доставена анонимна пријава во која се укажува дека лицето _____________, на локалните избори одржани во 2017 година е избран за член на Совет на општина _____________ и дека по избор на функцијата не поднел анкетен лист и изјава за интереси до ДКСК.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, изврши увид во својата евиденција како и на ВЕБ страницата на општина _____________.

Од увидот на ВЕБ страницата на општина Карпош ДКСК утврди дека _______________в е избран на функцијата член на Совет на општина _____________, додека од увидот во својата евиденција ДКСК утврди дека именуваниот не поднел анкетен лист и изјава за интереси.

Со оглед на тоа што, согласно со Законот за прекшоците, во конкретниот случај е настаната застареност за поведување и водење прекршочна постапка, ДКСК се обрати до лицето _____________ со укажување дека е неопходно во најкус можен рок да ја исполни законската обврска на начин што ќе пополни и до ДКСК ќе достави анкетен лист и изјава за интереси.

ДКСК, по извршениот увид во својата евиденција, утврди дека лицето _____________ на ден 09.09.2021 година ја исполнило законската обврска односно до ДКСК поднело анкетен лист и изјава за интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:А.Ч., рак. на одделение
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**